# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 јануари 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/1**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 6, а во врска со член 37-ц од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година, бр.02-23/5 од 15.01.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно-технички персонал и административни службеници за 2026 година, бр.02-23/5 од 15.01.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

**Број 09-284/3**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ КОИ ГИ ВРШИ ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/2**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-23/3 од 15.01.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ КОИ ГИ ВРШИ ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-23/3 од 15.01.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висина на цените на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/21).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/4**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/3**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2026 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката да се достави до јавните установи за деца - детски градинки.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

**Број 09-284/5**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ, ЗА ПЕРИОД ДО 31.12.2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/4**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-148/1 од 13.01.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА ЗА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА РОДИТЕЛИ, ЗА ПЕРИОД ДО 31.12.2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година, бр.02-492/6 од 11.12.2025 година, донесена од управниот одбор на установата.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/6**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/5**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (13) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, се именуваат:

**- ИРЕНА ТРИЧКОВКА**

**- МАРИЈА ЛЕФКОВСКА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваните претставници во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/7**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/6**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, се именуваат:

**- ЈОВАНА СТИЛИНОВИЌ**

**- ТОМИСЛАВ ДАНКОВИЌ.**

**Член 2**

Мандатот на именуваните претставници во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/8**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/7**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (16) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- МАРИНЕЛА БОШЕВА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/9**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА
ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/8
од 30 јануари 2026 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (13) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се именуваат:

**- АЛЕКСАНДРА ЈОСЕВСКА**

**- МИЧО АНГЕЛОВСКИ.**

**Член 2**

Мандатот на именуваните претставници во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/10**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД
СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/9
од 30 јануари 2026 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се именуваат:

**- МАГДАЛЕНА ЈОВАНОВСКА**

**- САРА ТРАЈКОВСКА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваните претставници во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/11**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/10**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (16) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- ЕМИЛИЈА НИКОЛОВА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука е 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/12**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА
БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА
ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/11**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година ("Службен весник на РСМ" бр.7/26), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

### Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на Општина Гази Баба за 2026 година, изнесува 81,6 денари.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

**Број 09-284/13**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2027 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/12**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

# Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2027 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година.

### Член 2

(1) Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите на општината за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година и се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до градоначалникот.

(2) Со Буџетскиот календар се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да ги изготват поединечните Предлог-Планови на Програми за развој на општината за период 2027-2029 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината за 2027 година и Трошковниците за одделни расходи во 2027 година, како и процедурите и роковите во кои градоначалникот го доставува Предлог - Буџетот до советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.01-31.01.2026 година | 1.Советот на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2027 година. |
| 01.06-30.06.2026 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2027-2029 година, за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2027 година и за изготвување на Трошковници за реализирање на активностите за 2027 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2027 година. |

| | |
|---|---|
| 01.07-31.08.2026 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2027-2029 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2027 година со проценка на трошоците за буџетската 2027 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2027 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2027 година до секторот за финансиски прашања. |
| 01.09-30.09.2026 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2027-2029 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2027 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2027 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до градоначалникот. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2027 година. |
| | 3.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2027 година. |
| 01.10-31.10.2026 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2027-2029 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2027 година и Предлог-Буџетот за 2027 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до советот на општината. |
| 01.11-15.11.2026 година | 1. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2027-2029 година. |
| | 2. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2027 година и Предлог-Буџетот за 2027 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| 15.11-30.11.2026 година | 1.Се одржуваат јавни расправи. |
| | 2. Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2027 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2026 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2027 година и го доставува до советот на општината. |
| 11.12-25.12.2026 година | Седница на советот на општината за донесување на Буџетот за 2027 година. |
| 01.01.2027 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/14**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/13**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ

### Член 1

Во Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/23 и 2/25), членот 3 се менува и гласи:

"Финасиските средства од член 1 од оваа одлука ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба искористени за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, во износ од 50 % од вредноста на уредот, но не повеќе од 20.000,00 денари по лице, без вклучен персонален данок на доход. Персоналниот данок на доход е на товар на Општина Гази Баба."

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/15**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАБАВКА НА ПЕЛЕТИ**

1. Се објавува Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/14**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Глава IV точка 8 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАБАВКА НА ПЕЛЕТИ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат конкретните услови, начинот и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба со намена за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба направени при набавка на пелети.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети.

(2) Финансиските средства од став (1) на овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба направени при набавка на пелети од денот на објавување на јавниот повик сè до 30 ноември во тековната година, односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука ќе се користат за надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба направени при набавка на пелети, во износ од 30% од вредноста на чинење на набавката, но не повеќе од 15.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на оваа активност односно, за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за набавка на пелети, Општина Гази Баба објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето сè до **30 ноември во тековната година, односно сè до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година**.

(4) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот **"прв дојден прв услужен"**.

(5) Доколку бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства Општина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 5

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба кои ќе набават пелети во периодот од денот на објавување на јавниот повик сѐ до исцрпување на финансиските средства наменети за оваа намена од тековниот Буџет на Општина Гази Баба, но не подоцна од 30 ноември во тековната година, кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите на оваа одлука.

(2) Членовите на Комисијата за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети при утврдување дали се исполнети условите од член 6 и член 7 од оваа одлука, ќе вршат обработка на личните податоци на подносителите дадени во барањата за субвенција за набавка на пелети, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 6

(1) Барателот треба да го достави барањето и документацијата во прилог во затворен плик до "Комисија за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети" во архивата на Општина Гази Баба, со адреса на ул. "Архимедова" бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- да поседува уред на пелети (печка/котел на пелети),
- да поседува доказ за извршена набавката на пелетите,
- да нема приклучок на системот за централно греење,
- да ги има подмирено обврските по основ на данок на имот за станбениот објект во кој се наоѓа уредот на пелети.

### Член 7

(1) За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите се исполнети, барателот до Општина Гази Баба треба да достави:

- Пополнет образец за барање, кој може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на Општината (www.gazibaba.gov.mk),
- фотокопија од лична карта на барателот,
- трансакциска сметка исклучиво лична на барателот (не ополномоштена од трето лице),
- оригинален доказ дека е извршена набавката на пелети во тековната година од датум на објавување на Јавниот повик и тоа со:
    - фискална сметка или
    - фактура со прилог уплатница или
    - фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост,

- фотографија од уредот на пелети,
- изјава заверана на нотар дека се работи за индивидуален објект кој не е поврзан на системот за централно греење, за кој досега нема искористено субвенции за набавка на пелети од Општина Гази Баба и поседува уред на пелети за истиот објект,
- барање за издавање потврда за подмирени обврски по основ на данок на имот за станбениот објект.

(2) Доколку има повеќе домаќинства кои живеат на иста адреса задолжително треба да достават сметки од различни броила за електрична енергија како доказ дека се посебно одвоени домаќинства.

**Член 8**

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 и членот 7 од оваа Одлука, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети, составена од 5 члена (во натамошен текст: комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 и член 7 од оваа Одлука, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени во барањето за набавка на пелети врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за набавка на пелети заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до комисијата преку архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, сè до неговото завршување, односно до исцрпување на буџетот, на која ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната докуметација.

(2) Комисијата е должна постапката да ја спроведе во две фази и тоа:

- во првата фаза комисијата ги разгледува пристигнатите барања поради утврдување на редоследот по кој ќе се разгледуваат барањата,
- во втората фаза комисијата ќе изврши теренски увид кај сите баратели кои имаат уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле наведените услови (поседуваат инсталирана печката на пелети, дека станбениот објект не е во фаза на изградба и во него барателот живее),

(3) При теренската проверка од страна на најмалку 3 (три) члена на комисијата, барателот е должен да им овозможи пристап до станбениот објект и просторијата во која е инсталирана набавената печка на пелети.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка пропишана во член 10, како и утврдување дали се исполнети условите од член 6 и член 7 од оваа одлука, комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на комисијата донесува решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои не ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на комисијата доставува решение за неусвојување на барањето.

**Член 12**

Општина Гази Баба, преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања ќе води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" .

**Број 09-284/16**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/15**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се пропишуваат начинот, условите и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25), со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука имаат заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од оваа одлука и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, Програма за локален економски развој, во износ од 1.100.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за реконструкција на лифт во станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 275.000,00 денари за реконструкција на лифт во станбена зграда.

## II. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од оваа одлука, општината објавува јавен повик, кој се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1 (еден) печатен медиум.

(2) Јавниот повик ќе трае до 30.11.2026 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите со бараната документација преку пошта или директно до писарница на Општина Гази Баба, на адреса ул."Архимедова" бр.2, 1000 Скопје.

(3) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 5 (пет) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 (четири) члена и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во администрацијата на Општината.

**Член 6**

(1) Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација.

(2) За својата работа комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт во станбена зграда, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став (1) од оваа одлука.

(2) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(3) Кон барањето подносителот - заедница на сопственици на станови или управител на станбената зграда, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација за реконструкција на лифт - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот;
- Решение од Централен Регистар за Заедница на сопственици или Управителот, не постара од 2 месеци;
- Годишен финансиски извештај за 2025 година;
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување;
- Одлука за согласност за реконструкција на лифт во станбена зграда донесена од заедница на сопственици на посебни делови на станбената зграда;
- Одлука за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на лифт во станбена зграда, донесена од сопствениците на посебни делови на станбената зграда;
- Имотни листови не постари од 2 месеци на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност;
- Потврда од општината за евиденција во регистарот на станбени згради;
- Понуда од три економски оператори за реконструкција на лифтот;
- Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;

- Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител);
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која друга намена од Буџетот на Општина Гази Баба во 2026 година.

(4) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 20 години;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за согласност за реконструкција на лифтот во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за кофинансирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на лифт во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста.

(5) При теренска проверка од страна на комисијата од член 5 став (1) од оваа одлука, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка, барателот треба да овозможи пристап до станбената зграда.

**Член 8**

Комисијата ќе работи согласно принципот **"прв дојден прв услужен"**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на комисијата а согласно условите и критериумите од членот 7 и членот 8 од оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став (1) од оваа одлука.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од оваа одлука ќе ги исплати на жиро сметката која е приложена кон барањето, веднаш по реконструкцијата на лифтот на конкретната станбена зграда од страна на економскиот оператор изведувач на работите.

**Член 11**

Општина Гази Баба преку комисијата од член 5 став (1) од оваа одлука, ќе води евиденција на сите доставени барања согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/17**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ "Б" КАТЕГОРИЈА ВО 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на младите жители на Општина Гази Баба за полагање на возачки испит "Б" категорија во 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/16**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

# О Д Л У К А

# ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ "Б" КАТЕГОРИЈА ВО 2026 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со оваа одлука се пропишуваат начинот, условите и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25), за доделување на поединечна субвенција на младите жители на Општина Гази Баба, за полагање на возачки испит "Б" категорија во авто школи на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука имаат младите жители на Општина Гази Баба на возраст од 18 години до 25 години, со адреса на живеење на подрачјето на Општина Гази Баба, и кои ги исполнуваат условите од оваа одлука и ја доставиле потребната документација.

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, Програма за локален економски развој, во износ од 850.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување во текот на 2026 година.

(3) Данокот на доход за физички лица го исплатува Општина Гази Баба.

### Член 3

Финансиските средства од член 2 на оваа одлука ќе се користат во 2026 година за делумен надомест на поединечните субвенции на младите жители на Општина Гази Баба, искористени за уплата за полагање на возачки испит "Б" категорија во авто школи на подрачјето на Општина Гази Баба во износ од 10.000,00 денари по лице.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

### Член 4

За спроведување на постапката утврдена со оваа одлука, Градоначалникот со решение формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на жителите на Општина Гази Баба од вработените во општинската администрација (во натамошен текст: Комисија).

**Член 5**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од оваа одлука, општината објавува јавен повик, кој се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1(еден) печатен медиум.

(2) Јавниот повик ќе трае до **30.11.2026 година**, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на барањата со потребната документација преку пошта или директно до Писарница на Општина Гази Баба, на адреса Архимедова 2, 1000 Скопје, со назнака "За јавен повик за субвенција за полагање на возачки испит".

(3) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

(1) Право на учество на Јавниот повик имаат младите жители на Општина Гази Баба кои ги исполниле следните услови: доставено барање во Архивата на Општина Гази Баба; кои на денот на аплицирање во текот на 2026 година имаат исполнето возраст од 18 години до 25 години; имаат адреса на живеење во Општина Гази Баба; имаат доставен доказ за извршена уплата во авто школа регистрирана на подрачје на Општина Гази Баба.

(2) Во случаите од став 1 на овој член како докази се земаат следните документи: копија од лична карта на барателот; копија од трансакциска сметка на барателот, доказ од извршена уплата во авто школа во оригинал на барателот и копија од тековна состојба на авто школата не постара од 2 месеци.

(3) Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 на оваа одлука, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Комисијата ги разгледува пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација, според принципот **"прв дојден прв услужен"**, а согласно датумот и времето на пристигнувањето на барањата.

**Член 8**

(1) Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 од оваа одлука и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на поднесеното барање.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба, на предлог на Комисијата, носи решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 9**

Општина Гази Баба преку секторот за локален економски развој и европски интеграции води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба, согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гази Баба“.

**Број 09-284/18**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/17**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25), во точка "IV.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)", потточка 6. "Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба", раздел 6.3. "Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места и вон населените места на Општина Гази Баба", во "Проект: Нула комуналии за изградба на куќа за млади брачни парови до 35 години", насловот и текстот на проектот се менува и гласи:

"

- **ПРОЕКТ: НУЛА КОМУНАЛИИ ЗА ИЗГРАДБА НА КУЌА ЗА МЛАДИ ДО 35 ГОДИНИ**
- Опис: Со цел поттикнување на младите да останат и да го градат својот живот во нашата Гази Баба, ќе ја реализираме мерката за ослободување од обврската за плаќање на комуналии за изградба на семејни куќи за сите млади лица до 35 години. Со овој проект директно се помага на младите лица во остварувањето на својот најголем предизвик за обезбедување на сопствен дом.

- ПРИЛОГ:

- БАРАЊЕТО ДА БИДЕ ПОДНЕСЕНО ОД МЛАДИ ЛИЦА ДО 35 ГОДИНИ,
- ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ НЕ ПОСТАР ОД ДЕНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ,
- ДРЖАВЈАНСТВО НА РМ,
- ЛИЧНА КАРТА,
- ИЗВОД ОД ПЛАН,
- ЕЛАБОРАТ ЗА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ,
- ИМОТЕН ЛИСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО ИЛИ ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА ГРАДЕЊЕ,
- ОСНОВЕН ПРОЕКТ СО СИТЕ ФАЗИ,
- ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ ДА ИМА ЕДНА СТАНБЕНА ЕДИНИЦА ДО МАКСИМУМ БРУТО ПОВРШИНА ОД 200 М2."

2. Во точка "IV.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)" потточка 5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, раздел 5.1 Планирани приходи за реализација на подпрограмата Ф.А и 5.2 Планирани трошоци за реализација на подпрограмата Ф.А расходи за 2026 година, табеларниот преглед се менува и гласи:

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | | Видови на расходи | БУЏЕТ НА ОГБ ФА | РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | БУЏЕТ НА РМ | ДОНАЦИЈА | СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ |
| 4 | | | | | | | | извори на финасирање во МКД | | | | | | | |
| 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 6 | | | | | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | **Вкупно останати расходи** | | | | | | |
| 8 | **48** | | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **227,156,535.00** | **546,783,137.16** | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | | **481** | | | | | **Градежни објекти** | | | | | | | | |
| 11 | | | **4812** | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | **4812 10** | | | **Подготовка на објекти за деловни објекти** | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | | **482** | | | | | **ИЗГРАДБА, РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ** | **207,156,535.00** | **84,693,691.16** | **0.00** | **458,475,846.00** | **3,613,600.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 16 | | | **4821** | | | | **Улици, патишта, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и слично** | **103,982,672.00** | **17,982,393.00** | **0.00** | **122,552,181.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 17 | | | | **4821 10** | | | **Изработка на проекти и ревизија** | **2,500,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 18 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 2,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 19 | | | | | | 1 | Изработка на проектна техничка документација за улици, паркинзи, пешачки патеки, велосипедски патеки, катни гаражи и слично | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 20 | | | | **4821 20** | | | **Изградба на улици, патишта, паркинг простори, тротоари,пешачки и велосипедски патеки и слично.** | **31,500,000.00** | **16,108,669.00** | **0.00** | **26,888,178.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 21 | | | | | 1 | | Изградба на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 14,350,654.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 22 | | | | | | 1 | Изградба на Новопроектирана ул.1, ГЧ СИ04, Блок 3 | | | | 14,350,654.00 | | | | |
| 23 | | | | | 2 | | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура | 19,500,000.00 | 16,108,669.00 | 0.00 | 12,537,524.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 24 | | | | | | 1 | Изградба на сервисни улици со комплетна инфраструктура во комплекс ИСТ ГЕЈТ прва фаза во 2 години-плаќања | 0.00 | 10,500,000.00 | | | | | | |
| 25 | | | | | | 2 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром 2 -плаќања | 0.00 | 5,608,669.00 | | | | | | |
| 26 | | | | | | 4 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура-плаќања | 12,500,000.00 | | | | | | | |
| 27 | | | | | | 5 | Изградба на улица 2 со фаза Водовод и фекална канализација во н.м. Железара-плаќања | | | | 12,537,524.00 | | | | |
| 28 | | | | | | 5 | Изведба на непредвидени работи на улица 2 во Железара-плаќања | 7,000,000.00 | | | | | | | |
| 29 | | | | | 3 | | Изградба на паркинг простори, тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 12,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 30 | | | | | | 1 | Изградба, санација на паркинг простори тротоари, пешачки патеки, велосипетски патеки, плоштади, скверови и сл. на територија на Општина Гази Баба | 12,000,000.00 | | | | | | | |
| 31 | | | | **4821 30** | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинг просотри, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично** | **69,982,672.00** | **1,873,724.00** | **0.00** | **95,664,003.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 32 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | 58,500,000.00 | 1,873,724.00 | 0.00 | 95,664,003.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично | 40,000,000.00 | | | 0.00 | 0.00 | | | |
| 34 | | | | | | | Ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи и слично -плаќања | 10,000,000.00 | | | | | | | |
| 35 | | | | | | 2 | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба-плаќања | 6,000,000.00 | | | | | | | |
| 36 | | | | | | 3 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) -плаќања | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 37 | | | | | | 4 | Реконструкција на улица 30, Чукур Маало, населено место трубарево | | | | 7,493,732.00 | | | | |
| 38 | | | | | | 5 | Реконструкција на ул.22, во населено место Сингелиќ, општина Гази Баба | | 1,873,724.00 | | 9,368,622.00 | | | | |
| 39 | | | | | | 6 | Реконструкција на дел од улица Жан Жорес во населба Маџари, општина Гази Баба | | | | 4,898,118.00 | | | | |
| 40 | | | | | | 7 | Рехабилитација ( Реконструкција) на дел од пристапен пат кај Гробишта Камник | | | | 6,493,850.00 | | | | |
| 41 | | | | | | 8 | Рехабилитација ( Реконструкција) на улица Петре Филиповски Гарката | | | | 5,993,813.00 | | | | |
| 42 | | | | | | 9 | Реконструкција на улица Париска Комуна во населба Хиподром, општина Гази Баба | | | | 6,521,793.00 | | | | |
| 43 | | | | | | 10 | Реконструкција на улица 519 во населба Керамидница | | | | 16,953,797.00 | | | | |
| 44 | | | | | | 11 | Рехабилитација( Реконструкција ) на улица Ордан Поп Јорданов во населба Маџари, општина Гази Баба | | | | 8,169,637.00 | | | | |
| 45 | | | | | | 12 | Реконструкција на улица Палмиро Тољати во населба Методија Андонов Ченто, општина Гази Баба | | | | 29,770,641.00 | | | | |
| 46 | | | | | 2 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на паркинг простори пешачки и велосипедски патеки, плоштади и слично на територија на Општина Гази Баба | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 47 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | | | | 3 | | Зимско одржување на улици за 2 години | 7,600,000.00 | | | 0.00 | 0.00 | | | |
| 49 | | | | | 4 | | Одржување на отворени каналски системи | 3,882,672.00 | | | | | | | |
| 50 | | | 4823 | | | | **Пречистителни станици и канализациони системи** | 28,350,000.00 | 27,893,287.00 | 0.00 | 181,302,294.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 51 | | | | 4823 10 | | | **Проектирање** | **2,500,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 52 | | | | | 1 | | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 2,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 53 | | | | | | 1 | Изработка на проектна документација за канализациони и атмосферски системи и пречистителни и препумпни станици и слично | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 54 | | | | 4823 20 | | | **Изградба на канализациони системи** | **0.00** | **27,893,287.00** | **0.00** | **181,302,294.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 55 | | | | | 1 | | Изградба на фекални канализациони системи на територија на општина Гази баба | 0.00 | 26,109,911.00 | 0.00 | 124,742,328.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 56 | | | | | | 1 | Доизградба на фекална канализација во н.м Јурумлери Зона 1 и Зона 2 | | 26,109,911.00 | | | | | | |
| 57 | | | | | | 2 | Изградба на секундарна фекална канализација во н.м .Идризово, општина Гази Баба | | | | 44,742,328.00 | | | | |
| 58 | | | | | | 3 | Изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 и еден модул на ПСОВ за 1500 ЕЖ во н.м Јурумлери, општина Гази Баба | | | | 80,000,000.00 | | | | |
| 59 | | | | | 2 | | Изградба на атмосферски канализациони системи | 0.00 | 1,783,376.00 | 0.00 | 56,559,966.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 60 | | | | | | 1 | Изградба на атмосферска канализација по улица Гемициска и улица Филип Филиповиќ во населба | | 1,783,376.00 | | 56,559,966.00 | | | | |
| 61 | | | | 4823 30 | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациона мрежа** | **25,850,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 62 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на канализациони мрежи на територија на Општина Гази Баба | 13,850,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 63 | | | | | | 1 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи | 6,000,000.00 | | | | | | | |
| 64 | | | | | | 2 | Ревитализација и рехабилитација на канализациони и атмосферски системи - плаќања | 7,850,000.00 | | | | | | | |
| 65 | | | | | 2 | | Уредување, ревитализација и рехабилитација на каналски системи | 12,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 66 | | | | | | 1 | Реконструкција на отворен канал за атмосферски води на ул.6 „Антон Велковски“ втора фаза, канал Стајковци - | 12,000,000.00 | | | | | | | |
| 67 | | | 4827 | | | | **Капацитети за водоснабдување** | **7,500,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 68 | | | | 4827 10 | | | **Проектирање на водоводна мрежа** | **2,500,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 69 | | | | | 1 | | Проектирање на водоводна мрежа | 2,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 70 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација за водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 71 | | | | 4827 20 | | | **Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **3,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 72 | | | | | 1 | | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 3,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 73 | | | | | | 1 | Изградба на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 74 | | | | 4827 30 | | | **Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)** | **2,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 75 | | | | | 1 | | Реконструкција, ревитализација и рехабилитација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 76 | | | | | | 1 | Ревитализација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично) | 2,000,000.00 | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 77 | | | **4829** | | | | **Изработка на проекти и изградба на други објекти** | **67,323,863.00** | **38,818,011.16** | **0.00** | **154,621,371.00** | **3,613,600.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 78 | | | | 4829 | | | **Проекти** | **10,500,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 79 | | | | | 1 | | Изработка на проектна техничка документација за други објекти (училишта, градинки, доградби и надградби, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, плоштади и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 10,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 80 | | | | | | 1 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба- нова постапка | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 81 | | | | | | 2 | Изработка на техничка документација на други објекти (детски градинки, училишни сали, спортски центри и сл.) на територија на Општина Гази Баба-плаќања | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 82 | | | | | | 3 | Елаборати за геомеханички истражувања-плаќања | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 83 | | | | | | 4 | Ревизија на проекти | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 84 | | | | | | | Изработка на проектно техничка документација,за греење (централна гасна станица за складирање на компримиран природен гас (CNG) со придружни елементи и инсталации до гасните котли) на објекти, кои се во надлежност на општина Гази Баба и набавка на централна гасна станица во соработка со УНОПС-плаќања | 1,500,000.00 | | | | | | | |
| 85 | | | | 4829 20 | | | **Изградба на други објекти** | **23,750,000.00** | **26,054,940.00** | **0.00** | **154,621,371.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 86 | | | | | 1 | | Изградба на објекти на општината (училишта, градинки, доградби и надградби,спортски сали, игралишта, оградување, паркинг простори и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 10,750,000.00 | 26,054,940.00 | 0.00 | 154,621,371.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 87 | | | | | | 1 | Изградба на детска градинка во н.м. Трубарево II фаза-плаќања | 0.00 | 5,000,000.00 | | | | | | |
| 88 | | | | | | 2 | Изградба на детска градинка во н.м. Трубарево фаза машинство-плаќања | 4,450,000.00 | | | | | | | |
| 89 | | | | | | 3 | Изградба на ново основно училиште „Крсте Мисирков“ | | 20,000,000.00 | | 5,000,000.00 | 0.00 | | | |
| 90 | | | | | | 4 | Изградба на детска градинка во н.м. Инџиково | | | | 24,662,058.00 | | | | |
| 91 | | | | | | 5 | Изградба на фискултурна сала во ООУ Наум Охридски, н.м. Црешево | | 1,051,552.00 | | 10,108,665.00 | | | | |
| 92 | | | | | | 6 | Доградба на ООУ Крум Тошев, н.м. Трубарево | | | | 19,850,648.00 | | | | |
| 93 | | | | | | 7 | Изградба на училишна спортска сала во ООУ Григор Прличев, населба Железара, општина Гази Баба-прва фаза | | 3,388.00 | | 15,000,000.00 | | | | |
| 94 | | | | | | 8 | Изградба на детска градинка во населено место Маџари-Триангла, општина Гази Баба | | | | 80,000,000.00 | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 95 | | | | | | 9 | Кофинансирање во соработка со МСПДМ за Изградба на детска градинка во н.м. Сингелиќ | 6,300,000.00 | | | | | | | |
| 96 | | | | | 2 | | Изградба на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема и слично на територија на општина Гази Баба | 5,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 97 | | | | | | 1 | Изградба на спортски, детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема на територија на ОГБ | 5,000,000.00 | | | | | | | |
| 98 | | | | | 3 | | Вршење на стручен надзор над изведбата на територија на Општина Гази Баба | 8,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 99 | | | | | | 1 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна и хидротехничка инфраструктура, објекти од високоградбата, спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи и сл. | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 100 | | | | | | 3 | Вршење на стручен надзор над изградба на објекти од високоградба - ВО ТЕК | 3,500,000.00 | | | | | | | |
| 101 | | | | | | 4 | Вршење на стручен надзор над изградба на објекти од високоградба ( училишта, градинки, училишни спортски | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 102 | | | | 4829 30 | | | **Реконструкција / Ревитализација на други објекти** | **33,073,863.00** | **12,763,071.16** | **0.00** | **0.00** | **3,613,600.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 103 | | | | | 1 | | Реконструкција на објекти на општината (училишта, градинки, спортски сали, игралишта, огради, паркинг простори, градежно занаетчиски работи и слично) на територијата на Општина Гази Баба | 3,500,000.00 | 12,763,071.16 | 0.00 | 0.00 | 3,613,600.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 104 | | | | | | 1 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ (месни заедници, училишта, градинки и други објекти)-плаќања | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 105 | | | | | | 1 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ (месни заедници, училишта, градинки и други објекти) | 1,500,000.00 | | | | | | | |
| 106 | | | | | | 2 | Реконструкција на Дом на култура „11 Октомври“ - Ченто | | 6,000,000.00 | | | | | | |
| 107 | | | | | | 3 | Реконструкција на Центар за млади во ОГБ(старо седиште на ЈКП Гази Баба 2007) | | 6,763,071.16 | | | 3,613,600.00 | | | |
| 108 | | | | | 2 | | Ревитализација на детски и спортски игралишта, фитнес зони, урбана опрема, градежно занаетчиски работи и слично | 8,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 109 | | | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини | 2,000,000.00 | | | | | | | |
| 110 | | | | | | 2 | Ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини-плаќања | 1,000,000.00 | | | | | | | |
| 111 | | | | | | 3 | Ревитализација и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 3,000,000.00 | | | | | | | |
| 112 | | | | | | 4 | Ревитализација на игралишта со тартан подлога | 2,500,000.00 | | | | | | | |
| 113 | | | | | 3 | | Реконструкција на канали | 21,073,863.00 | | | 0.00 | | | | |
| 114 | | | | | | | Уредување на корито на канал во н.м. Синѓелиќ од км 0+600.00 до 1+273.74-плаќања | 21,073,863 | | | 0.00 | 0.00 | | | |
| 115 116 | | 485 | | | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | **20,000,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |
| 117 | | | 4854 | | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | **20,000,000.00** | | | | | | | |

| | A | B | C | D | E | F | G | H | I | J | K | L | M | N | O |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 118 | | | | 4854 10 | 1 | | Откуп на земјиште (експропријација) и надомест - обештетување на лица или правни субјекти за имот и ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 20,000,000.00 | | | | | | | |
| 119 | | | | | | | | | | | | | | | |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-284/19**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПОГОДБЕНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/18**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 44 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), а во врска со член 30 став (1) алинеја 3 и став (4) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПОГОДБЕНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за спогодбено преземање на 1 (еден) административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади на работно место - помлад соработник за административно - техничка поддршка за постапување по преставки и предлози и евидентирање на преставки и предлози во одделение за преставки и предлози во сектор за правни и нормативни, општи и заеднички работи со шифра УПР 0101В04000, во Општина Гази Баба на работно место - помлад соработник за аналитичка поддршка во процесот на европските интеграции во одделение за европски интеграции, сектор за локален економски развој и европски интеграции, шифра УПР 0101В04000, ниво В4.

**Член 2**

За оваа намена се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/20**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/19**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (11) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.04-253/1 од 20.01.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на осмата седница одржана на 29 јануари 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.04-253/1 од 20.01.2026 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, да донесе Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година и да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-284/21**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА
НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-555/20**
**од 30 јануари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 8 та седница одржана на 29.01.2026 донесе:

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА

## за 2026 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2026 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-284/22
29.01.2026

Претседател на Советот на Општината
**Виктор Трпевски**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година . . . . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2026 година . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 10

**ОДЛУКА** за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 14

**ОДЛУКА** за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 16

**ОДЛУКА** за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 18

**ОДЛУКА** за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . 20



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/26**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година ....22

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година ....24

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди ....27

**ОДЛУКА** за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети ....29

**ОДЛУКА** за финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба ....34

**ОДЛУКА** за субвенционирање на младите жители на Општина Гази Баба за полагање на возачки испит "Б" категорија во 2026 година ....39

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ....43

**ОДЛУКА** за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади ....53

**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година ....55

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година ....57

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/26**
**8 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци